# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.158 од 30.10.2014 година**

## Член 1

Во Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 81/2007 и 55/13) во членот 5 став (4) зборовите: „општините Врапчиште, Боговиње" се заменуваат со зборовите: „општината Врапчиште", зборовите: „општината Липково" се заменуваат со зборовите: „општините Липково и Старо Нагоричане", по зборот „Јегуновце" сврзникот „и" се брише, се става запирка, по зборот „Теарце" се става запирка и се додаваат зборовите: „Боговиње и Желино", а зборовите: „Кичево за општините Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј" се бришат.

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".